

# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, 2019 - 2024

**ОПШТИНА КУМАНОВО**

**НАШАТА ВИЗИЈА:**
**„КУМАНОВО ДА БИДЕ НАЈИСПЛАТЛИВАТА БИЗНИС ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“**

**Одделение за Стратешко Планирање и Локален Економски Развој**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД........................................................................................................................................................... 2

СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ - ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО ОПШТИНАТА............................................................................ 4

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ..........................................................................................................................5

ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ................................................................................................. 6

ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО /чекори/........7

СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛЕР.....................................................................................7

ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ.........................................................................................7

ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ.............................................................................................................................8

РЕВИЗИЈА И И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦРТ............................................................................................................8

ПРОФИЛ НА ЗАЕДНИЦАТА................................................................................................................................. .9

АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ /За секоја од областите/.....................................................................................................11

СВОТ АНАЛИЗА НА ОПШТИНА КУМАНОВО........................................................................................................ 34

СТРАТЕГИЈА........................................................................................................................................... .40

ВИЗИЈА

ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ /Столбовите на локланиот економски развој/

ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ /Стратешки и оперативни цели по области на делување/

ПРОЕКТИ /Клучни мерки и активности/

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА..........................................................................................................................57

ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА.................................................................................................. 58

ЛИСТА НА КРЕАТОРИ НА ДОКУМЕНТОТ.............................................................................................................60

## ВОВЕД

Документот Стратегија за локален економски развој на Општина Куманово за периодот 2019 – 2024 година (во натамошниот текст, Стратегијата за ЛЕР) е изработена во периодот јануари - ноември 2019 година. Притоа беше евидентно и важно да се посочи дека во процесот учестваа сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: економија и бизнис окружување, рурален развој, занаетчиство, млади и развој на туризмот. Во процесот беше недвосмислено искажана и потребата од идна примена на принципите енергетска ефикасност при деловните инвестиции во јавни и приватни објекти, потребата од развиена инфраструктура и стручна администрација која работи по највисоки стандарди со цел да обезбеди високо квалитетни услуги како за граѓаните така и особено кон и за бизнис заедницата.

Партиципативното стратешко планирање кое беше имплементирано при креирањето на овој документ во својата основа е демократски процес за утврдување на почетните состојби и потребите на граѓаните, потот креирање на визија, и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација или институција (во случајот општина) и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.

Во подготовката на документот беа вклучени претставници на сите целни групи од областите на делување, кои од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги представува и вклучува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Со имплементацијата на Стратегијата локален економски развој ќе се придонесе кон унапредување на економскиот развој  пред се, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на општината во целост. Самиот документ содржи три главни точки, откривајќи логичен редослед на процесот на стратешкото планирање односно: дијагноза > евалуација > прогноза. Во оваа смисла, документов ја има следнава структура:

- Анализа на тековната ситуација;
- SWOT Анализа;
- Стратешки дел;

Шемата на методологијата на работа на овој стратешки документ се базира на стандардна концептуална рамка на стратешко планирање и ги вклучува следните главни функционални фази и активности:

- Прибирање информации;
- Анализа на информации;

- Дефинирање на стратешка рамка, визија, приоритети и стратешки цели и
- Создавање на акциски план;

При изработка на овој документ, работната група, ги имаше предвид сите јавно достапни информаци, пред се на официјалната страна на Општина Куманово, како и досегашни плански документи на Општината во повеќе области, и тоа:

| **Постоечки Стратешки документи на Општина Куманово** | **Период на важност на документите** |
|---|---|
| Стратегија за информатичко комуникациска технологија ИКТ на општина Куманово | Период 2012-2016 |
| Програма за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2018 година. | Период -2018 |
| Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| План на програми за развој на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| Акционен план за имплементација на Стратегија за информатичко комуникациска технологија ИКТ на општина Куманово за периодот 2012-2016г. | Период 2015-2016 |
| Програна за работа во област на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Куманово . | Период -2017 |
| Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година | Период -2018 |
| Програма за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| Програма за културни манифестации на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| Програма за субвенционирање на граѓани за приклучок на гасификацина мрежа на подрачијето на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 |
| Стратегија за млади 2014-2019 година | Период -2014-2019 |
| Програма за културата во Општина Куманово за периодот 2014 – 2017 година | Период 2014-2017 |
| Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 година |
| Програма За развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2018 година | Период -2018 година |
| Програма за локален економски развој за 2019 година | Период-2019 година |

| | |
|---|---|
| Водич за инвестиции во индустриска зона речица -2017 година | Период 2017 година |
| Водич на инвестиции во Североисточен плански регион | Период -2016 година |
| Програма за работа на Платформата за Регионална Рурална Акција во Североисточен плански регион (2018-2020)со Акциски План (2018-2019) | Период -2018-2020 година |

## ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА КРЕИРАЊЕ НА ОПШТИНСКА СТРАТЕТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Согласно Законот за локална самоуправа член 22, став 1, точка 3 ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), една од надлежностите на општините е Локалниот економски развој (цитираме):

„Локален економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство".

## СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ - ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО ОПШТИНАТА

Досегашната практика укажува на тоа дека за да се случи планирана, очекувана и одржлива промена секогаш привиот чекор е во насока на формулирање на стратегија. Стратегијата е почетна компонента на процесот на планирање на било која заедница и таа е комплетна тогаш кога потекнува од и опфаќа поширок дел од заедницата. Временскиот хоризонт за стратегијата обично е пет години со пратечки краткорочни, среднорочни и долгорочни политики /документи, програми проекти итн./.
Локалните самоуправи одговараат на потребата за ЛЕР на различни начини, и можат да се користат различни пристапи, кои што го вклучуваат следното:

- Сигурност дека инвестиционата клима на локално ниво е функционална за локалните стопански дејности;
- Поддршка на малите и средни претпријатија;
- Поттикнување за основање на нови претпријатија;
- Привлекување на надворешни инвеститори (на национално ниво и меѓународни инвеститори);
- Инвестирање во физичка (тешка) инфраструктура;
- Инвестирање во лесна инфраструктура (развој на образованието заради развој на работната сила, поддршка на институционалните системи и прашања кои регулираат одредби и прописи);

- Поддршка на развојот на одредени кластери на стопански дејности;
- Лоцирање на одредени делови од градот за обнова или за развој (иницијативи кои се однесуваат за одредени области);
- Поддршка на неформални и нови, млади стопански дејности;
- Лоцирање на одредени општествени групи кои се во незавидна положба;

Процесот на Стратешко планирање има обично четири чекори:

1. СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА
2. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНИ СОСТОЈБИ И ЗА ДЕФИНИРАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ОДНОС НА СТРАТЕШКИОТ ПРИСТАП И ПЛАН ЗА АКЦИЈА
3. ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ
4. РЕВИЗИЈА И И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦРТ

**ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

Локалната самоуправа на Општина Куманово е посветена и определена да изгради стратегија за локален економски развој која ќе се базира на принципите на одржливост. Таа од друга страна е главниот катализатор на економскиот развој на општината, или поточно, како локална самоуправа таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за формирање или проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Локалниот економски развој по дефиниција е подобрување на конкурентоста на економскиот сектор во рамки на дефинирани локални економски услови. Целта на локалниот економски развој (ЛЕР) е да изгради економски капацитет на локално ниво за да се подобри економската иднина на таа област и животниот стандард на сите жители. Тоа е процес преку кој јавноста, стопанските дејности и невладиниот сектор работат заедно како партнерство за да создат подобри услови за економски развој и нови вработувања.

Успехот на секоја локална заедница денес зависи од нејзината способност да се прилагоди на динамичната локална, национална и меѓународна пазарна економија. Стратешкото планирање во обласва на ЛЕР може да го зајакне капацитетот на локалната економија, да придонесе кон подобрувањето на инвестициската клима но и кон подобрувањето на продуктивноста и конкурентоста на локалните бизниси, претприемачите и работниците. Способноста на заедницата да го подобри квалитетот на живот, да создаде нови економски можности и да се бори против сиромаштијата, зависи од степенот на разбирање на ЛЕР и стратешкото дејствување во променливото и високо конкурентно пазарно општество.

Локалниот економски развој (ЛЕР) создава можности на локалната самоуправа, на приватниот и на непрофитните сектори, како и на локалните зедници, да работат заедно за подобрување на локалната економија. ЛЕР се фокусира на зголемување на конкурентноста, и одржливиот развој.

Постојат повеќе фактори кои можат во иднина, да ја зголемат веројатноста за успешни проекти и програми за развој на општината но сепак, клучни треба да бидат следниве:

- Раководството треба да ги зближува луѓето, науката и финансиските средства на сите нивоа на актуелната администрација и различни лица од јавните, приватните и општествените сектори, за да можат да се реализираат заедничките задачи;
- Формирање на институционална рамка (Општински тим за стратешко планирање на општина Куманово) во која ќе се обезбеди одржливост на комуникацијата на сите чинители. Локалната самоуправа, како ентитет не може сама да ја подобри економската благосостојба на општината, туку за тоа е потребна соработка на сите чинители;
- Разбирање на предностите и слабостите на локалната економија и нејзините компаративни предности или СВОТ анализа ;
- Формулирање на заедничка визија но и цели во однос на сите чинители на економскиот развој;
- Акциски и оперативни планови кои се донесуваат во врска со локалните потреби имајќи ги во предвид слабите и јаките страни на општината;
- Обезбедување на помош и услуги од други институции, каде локалната самоуправа не може сама да ги исполни потребите на општината.

## ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО /чекори/

### Чекор 1, СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛЕР

Одделението за ЛЕР, спроведе партиципативен и отворен процес што вклучуваше активности кои беа насочени кон формирање на тим кој ке биде активен учесник но и главен креатор како на стратегијата, така и на Акцискиот план преку кој истата ќе се имплентира. Членови на овој тим беа 30 лица и во истиот беа вклучени Советници /челенови на советот на општината/, вработени во општинската администрација, претставници на релевантни институции кои постојат и делуваат во Куманово, претставници на локални и регионални граѓански здруженија и невладини организации, сите кои беа дел од одделението за ЛЕР како и Надворешниот Стручен Консултант .

### Чекор 2, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

За да се развијат комплетно Стратегијата за локален економски развој на општина Куманово за периодот 2019 – 2024г. и Акцискиот план за имплементација на истата, Одделението за ЛЕР организираше 5 работилници. 4 од работилниците беа организирани во периодот од месец февруари до месец –април 2019 година. Како основа за создавање на стратегијата беа искористени повеќе веќе постоечки и достапни за општината документи, податоци и информации. Притоа беа креирани основата за првиот нацрт на документот, основата за акцискиот план, првиот нацрт, беа презентирани и пленарно ревидирани првите нацрти на стратегијата и акцискиот план. Тимот за креирање на стратегијата предводен од тимот на одделениието за ЛЕР и Стручниот Консултант беше изразено ефективен и ефикасен и успешно ги одреди првичните верзии на Визијата, Обпастите на делување, Приоритетите, Стратешките и Оперативните програмски цели, Проектите  -вклучително Клучните активности и рокови. Во рамки на процесот се одредија и очекуваните резултати и потенцијалните показатели на успех /индикатори. Буџетот на стратегијата како неизиставен дел од акцискиот план ќе биде дополнително развиен од страна на релевантните структури на општина Куманово кои се надлежни за финансиското планирање и подготовка на општинските опративни програми. Беше направена и СВОТ /SWOT/ анализа на во однос на секоја од 5-те области на делување. Резултатите од оваа анализа се експлицитно претставени во документов и истите се земени предвид. Секако дел од првичните размислувања и идеи на основа на оваа анализа беа иземени од страна на креаторите на документов.

**Чекор 3, ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ**

После реализацијата на прваите 3 работилници, врз основа на резултатите од истите, Стручниот Консултант го разви првиот нацрт кој на работниот тим за креирање на Стратегијата му беше представен на четвртата работилница на која креаторите работеа на креирање на основа за акцискиот план за имплементација на Стратегијата.

**Чекор 4, РЕВИЗИЈА И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦРТ**

После првичната презентација и деталното ревидирање на првиот нацрт, Стручниот Консултант ги финализираше нацртите на Стратегијата за локален економски развој на општина Куманово за периодот 2019 – 2024г Акцискиот план за имплементација на истата. Документите му беа доставени на Одделението за ЛЕР на оштина Куманово кое понатаму е одговорно за иницирање на процес на јавна промоција како и официјално усвојување на истите од страна на Советот на Куманово.

## ПРОФИЛ НА ЗАЕДНИЦАТА

| Основни информации за Општината | |
|---|---|
| **Целосен назив на општината** | Општина Куманово |
| **Адреса на Општината** | 11 Октомври бб. 1300 Куманово |
| **Телефон** | 031 475 800 и 031 420 451 |
| **Е-маил** | info@kumanovo.gov.mk |
| **Веб страна** | www.kumanovo.gov.mk |
| **Површина на општината (во км$^2$)** | 509,4 km |
| **Краток опис на општината** | Куманово, градот на испреплетени култури, религии и традиции, спомени и соживот. Општина Куманово е лоцирана во Североисточниот дел на Република Македонија на самата крстосница на коридорите 8 и 10 и претставува геостратешка локација со голем број на потенцијали, особено атрактивни за домашни истрански инвестиции.<br>Сместен е во источното подножје на Скопска Црна Гора, во источниот дел на Кумановското Поле на надморска височина од 330 метри. Поставен на главната сообраќајна артерија по Вардарско-моравската долина, Куманово има исклучително поволна сообраќајно-географска положба. Како сообраќаен јазол, освен трасираниот железнички сообраќај, низ него минуваат патишта кои на исток водат за Крива Паланка и Кратово, на југоисток за Свети Николе, на север за долината на Јужна Морава и на југозапад за Скопје.<br>Се карактеризира како најголема општина во државата, со вкупно 105.484 жители од различна национална, верска и етничка припадност. Регионот на Куманово се карактеризира со типична континентална клима, со просечна температура од 11, 8 С0. Поволната географска положба, близината до главниот град, како и расположливоста со природни, културни и човечки ресурси, несомнено ја карактеризираат Општина Куманово како конкурентна и атрактивна бизнис локација. |
| **Број на населени места** | 66 месни самоуправи |
| **Број на урбани населени места** | 16 урбани заедници |

| | |
|---|---|
| **Број на рурални населени места** | 50 месни заедници |
| **Население** | |
| **Број на жители во општината (попис 2002)** | 105 484 жители [1] |
| **Бројнажителивоопштината(проценетоза 2014)** | Проценка од 30.06.2014 – 108.616 2,88 % [2] |
| **Полова структура на населението ( во %)** | мажи: 50,35% ; жени 49,65%. [3] |
| **Етничка структура на населението ( во %)** | Македонци59,58%;Албанци26,44%;Срби8,75%; Роми 4,12%; Турци 0,28%; Власи 0,14%; Бошњаци 0,01%; Други 0,64% [4] |

**АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ /Во секоја од областите на делување/**

## 1. Економски развој и бизнис опкружување

| Вработеност | |
|---|---|
| **Број на активно население** | 55,4% |
| **Стапка на невработеност (во %)** | 17,5% |
| **Број на невработени лица** | 11,927 |

**Работна сила**

Општина Куманово е најголема општина во Република Македонија. Според последниот попис од 2002 година, Куманово има 105.484 жители од кои 25 771 се млади на возраст од 15 до 30 години (според последниот попис од 2002 год, податоци од Државниот завод за статистика).

Врз основа на податоци од АВРМ ( Агенција за вработување на Република Македонија), баратели на работа во Куманово и од соседните Општини Старо Нагоричане и Липково се следните лица според образовна структура

**Образовна структура на невработените лица**

| Степен на образование | Вкупен број на невработени лица | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | 1 | 0 | 1 |
| Магистри | 51 | 24 | 27 |
| Високо образование | 998 | 331 | 667 |
| Вишо образование | 94 | 45 | 49 |
| Завршено Средно образование | 2853 | 1590 | 1263 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Непотполно средно образование | 1271 | 876 | 395 |
| Без образование и со основно образование | 4251 | 3051 | 1200 |

На пазарот на труд неофицијално се и млади лица кои имаат стекнато искуство на привремена работа во Ирак, Авганистан и други земји од Истокот и од Африка каде своите вештини ги имаат стакнето при логистичка поддршка на воените трупи во овие земји , а имале искуство во сферата на градежништвото ( електричари , столари, водоинсталатери и други градежни струки) како и во услужни дејности ( работа во кујна , кувари , во перални и сл.) .

| **Сообраќајни врски на Куманово со одалеченост од индустриската зона Речица** | |
|---|---|
| **Автопати и магистрални патишта** | Општина Куманово лежи на двата коридора кои минуваат низ Република Македонија: Коридор 1( ја поврзува Македонија со Србија и Грција, преку магистралниот пат Е4 и Коридор 8 која се поврзу Република Бугарија и Албанија[9] |
| **Регионални патни правци** | R1207: Патен правец до граничниот премин Пелинце – 30км<br>R1204: Патен правец до Штип – 67км |
| **Оддалеченост од аеродроми (во км):**<br>- Александар Велики (Скопје)<br>- Св. Апостол Павле (Охрид)<br>- Аеродром Никола Тесла (Белград, Србија)<br>- Аеродром во Приштина (Косово)<br>- Аеродром Македонија (Солун, Грција) | - Аеродром Александар Велики (Скопје) -**28,1км.**<br>- Аеродром Св. Апостол Пале (Охрид)**–214,00км.**<br>- Аеродром Никола Тесла (Белград, Србија)- **407,00 км**<br>- Аеродром во Приштина (Косово) -**134,00км.**<br>- Аеродром Македонија (Солун, Грција)-**262,00км.** |
| **Оддалеченост од пристаништа (во км):**<br>- Пристаниште Бар, Црна Гора<br>- Пристаниште во Бургас, Бугарија<br>- Пристаниште во Драч, Албанија<br>- Пристаниште во Солун, Грција | - Пристаниште Бар, Црна Гора **-380 км**<br>- Пристаниште во Бургас, Бугарија **-547км**<br>- Пристаниште во Драч, Албанија **-342км**<br>- Пристаниште во Солун, Грција **-258 км** |
| **Оддалеченост од железница (во км):**<br>- Железничка Станица Скопје<br>- Железничка Станица Белград<br>- Железничка Станица Софија<br>- Железничка Станица Солун | - Железничка Станица Скопје **-48,6км**<br>- Железничка Станица Белград **-392км**<br>- Железничка Станица Софија **-200км**<br>- Железничка Станица Солун **-264км** |

| | |
|---|---|
| **Оддалеченост од главни градови (во км):**<br>- Скопје<br>- Софија<br>- Белград<br>- Подгорица<br>- Приштина<br>- Атина<br>- Тирана | - Скопје **-47,8км**<br>- Софија **–198 км**<br>- Белград **–391 км**<br>- Подгорица **– 385 км**<br>- Приштина **-134 км**<br>- Атина **–719 км**<br>- Тирана **–344 км** |
| **Оддалеченост од гранични премини:**<br>- Србија<br>- Косово<br>- Бугарија<br>- Грција<br>- Албанија | - Србија **– 7,00 км.**<br>- Косово**– 68,5км**<br>- Бугарија **– 80,6 км**<br>- Грција **– 173 км**<br>- Албанија **-191 км** |
| Локацијата на планираната индустриска зона Речица , претставува место која може да мобилизира и квалификувана работна сила и од околните општини (Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Старо Нагоричане и Липково, но близината од 25 км е соодветна и за потенцијални работници од Скопје и општините од Скопскиот регион ( Илинден , Петровец , Арачиново и други.) | |

| **Локална економија** | |
|---|---|
| Приоритетни сектори / индустрии | • Чевларска индустрија;<br>• Прехрамбена индустрија;<br>• Трговија;<br>• Металопреработувачка индустрија. |

| | |
|---|---|
| Компаративни предности на општината | • Добра транспортна поврзаност, за потенцијалните инвеститори можност за транспорт – копнен, железнички и авионски (поради близината до аеродромот Александар Велики);<br>• Можност за транзитен туризам - дел од територијата на Општина Куманово се карактеризира како погранична т.е. во непосредна близина се гранични премини со Р.Србија, Косово и Бугарија;<br>• Сопствен локален аеродром (спортски);<br>• Близината до главниот град и до аеродромот во Скопје;<br>• Најголема општина во Македонија;<br>• Високо квалификувана и обучена работна сила;<br>• Општина Куманово е и првата гасифицирана општина во Р. Македонија;<br>• Поволна клима и предуслови за развој на земјоделството;<br>• Одлична институционална инфраструктура;<br>• Индустриската зона во атарот на село Горно Коњаре м.в. "Новине" и м.в. "Речица", за кое постои урбанистички план вон населено место Горно Коњаре предвиден за стопански комплекс, на атрактивна локација ***на раскрсницата на два значајни коридори тоа Е-75*** Скопје-Белград и **Е-871** кој го поврзува Куманово со Република Бугарија, на само 7 км оддалеченост од градот Куманово (105 484 жители според пописот од 2002-ра) и ***на само 8 км оддалеченост од граничниот премин Табановце***. Локацијата е особено атрактивна со оглед на фактот дека фрекфенцијата на патници кои го преминуваат граничниот премин Табановце е многу голема. Урбанистичката документација дава можност за големи инвестиции во лесната индустрија, за хотели, големи угоститески и трговски објекти. |
| Број на активни деловни субјекти | 4.271 |
| Институции / организации за поддршка на Бизнис секторот - правни лица<br>(Назив на правно лице; Правна Форма; Дејност; Општина; Контакт информации) | **Непрофитни Организации:**<br>- Фондација за поддршка на мали и средни претпријатија- регионален центар Куманово<br>- Здружение на земјоделски производители<br>- Здружение на угостители Бисер<br>- Здружение за рурален развој Локална Акциона Група Абер 2015 с. Старо Нагоричане.<br>- Здружение на граѓани Локална Акциска Група Гласот на Селото<br>- Центар за рурален развој Бујрум |

| | |
|---|---|
| | **Единици на владини агенции**<br>- АВРМ – Агенција за вработување на РМ<br>подрачна единица Центар за вработување Куманово<br>- Централен Регистер – Куманово<br>Адреса: Плоштад Маршал Тито б.б. Место: Куманово<br>Дејности: централен регистар, фирми - регистрација тел : 031-414707<br>- УЈП – Управа за јавни приходи – Куманово Регионална дирекција Штип<br>Даночно одделение Куманово<br>Плоштад Маршал Тито бб, 1300 Куманово тел/факс 031/425 115<br>Работно време: понеделник - петок 08.30 - 18.00 часот сабота 08.30 - 14.00 часот<br>- Агенција за потикнување на развојот на земјоделството РЕ Куманово, Работно време: 08:30– 16:30, Понеделник – Петок<br>Контакт: Адреса: Братство и единство бр.28 Телефон: 071/ 244-863<br>Е-аил: aprzrckumanovo@agencija.gov.mk , Диспензирани канцеларии: Пчиња – Среда<br>- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија<br>- КУМАНОВО<br>- Централа: + 389 (31) 415-478<br>- Телефакс: + 389 (31) 426-024<br>- Фонд за здравствено осигурување на РМ Ул.11 Октомври бр. 2 тел. 031/ 420 076 e-mail: ridvana@fzo.org.mk<br>- МВР на РМ – Министерство за внатершни работи на РМ ПС ОН Куманово<br>Опис: Полициска станица од општа надлежност Адреса: ул. „11 Октомври“ б.б. Телефон: 031 414 222<br>- Министерство за правда на РМ<br>Управа за водење на матични книги Ул. Гоце Делчев бб, 1300 Куманово |

| | |
|---|---|
| | - Државен инспекторат за труд- Куманово : Адреса: Доне Божинов 30<br>Место: Куманово Телефон 1 : 031-423231 Телефон 2: 031 424725<br>- Државен пазарен инспекторат – Куманово : Одделение Куманово ул. 11Октомври бб<br>П. фах 461300 Куманово Зграда на Црвен крст Тел/факс 031 425 112<br>- Агенција за катастар на недвижности на РМ ул. Гоце Делчев б.б. 031-423-893 e-mail: d.jovanovski@katastar.gov.mk<br>**Адвокати , адвокатски друштва и нотари :**<br>- Регистрирано 1 (едно) адвокатско друштво и<br>- Вкупен број на Регистрирани адвокати како самостојна дејност на територија на Општина Куманово е 104<br>- Вкупен број на регистрирани нотари на територија на Општина Куманово е 12 |

| **Сервиси и услуги** | |
|---|---|
| **Постоечки банки (филијали)** | Тутунска Банка;<br>Комерцијална Банка; Стопанска Банка;<br>Прокредит Банка;Шпаркассе Банк;<br>Централна Кооперативна Банка; ТТК Банка;<br>Охридска Банка; Шпаркасе Банка; Уни Банка;<br>Алфа Банка;<br>ХалкБанк. |
| **Осигурителни компании** | Триглав Осигурување; Сава Осигурување;<br>Уника Осигурување;<br>Кроација Осигурување; Евроинс Осигурување; Алпсиг Осигурување;<br>Инсиг Осигурување; Осигурување Македонија;<br>Осигурителна полиса;<br>Винер Осигурување;<br>Еуролинк Осигурување. |

| Даноци | | |
|---|---|---|
| **Данок** | **Даночен обврзник** | **Даночна стапка** |
| **Данок на добивка** | Правно лице–резидент на Република Северна Македонија и постојана деловна единица на странско правно лице, за добивката што ја остваруваат од вршење на дејност на територијата на Република Северна Македонија. | 10% |
| **Персонален данок на доход** | Физичко лице резидент на Република Северна Македонија за неговиот светски доход, односно доходот што го остварува во земјата и странство, како и физичко лице нерезидент за доходот што го остварува од извори во Република Северна Македонија. | 10% |
| **Данок на додадена вредност** | Правно и физичко лице кое врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, а обврска за задолжителна регистрација за целите на ДДВ имаат само оние даночни обврзници кои во изминатата календарска година оствариле вкупен оданочив промет над 2.000.000 денари. | 18% - општа<br>5% - повластена |
| **Данок на имот** | Правно и физичко лице сопственик на имотот. | 0.10% во Општина Куманово |
| **Данок на промет на недвижности** | Правно и физичко лице - продавач на недвижноста, а по исклучок, обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде правно лице и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста, е договорено данокот да го плати купувачот. | 4% во Општина Куманово |

| Социјални придонеси | |
|---|---|
| **Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** | 18% |
| **Придонес за здравствено осигурување** | 7.3% |
| **Придонес за Фондот за вработување** | 1.2% |
| **Дополнително здравствено осигурување** | 0.5% |

| Меѓународни договори на Република Македонија | |
|---|---|
| **Договоризаслободнатрговија** | Македонија е потписничка на три мултилатерални договори за слободна трговија:<br>- SAA (Договор за стабилизација и асоцијација) со земјите- членки на ЕУ<br>- EFTA (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн)<br>- CEFTA (Македонија, Албанија, Молдавија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово)<br>Билатерални договори за слободна трговија се потпишани со Турција и Украина. |
| **Договори за заштита на инвестициите** | Република Северна Македонија има потпишано договори за заштита на инвестициите со следните земји: Албанија, Србија, Бугарија, Турција, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Романија, Австрија, Германија, Швајцарија, Холандија, Белгија, Франција, Италија, Шпанија, Унгарија, Чешка, Полска, Украина, Шведска, Финска, Русија, Народна Република Кина, Малезија, Република Кореја и Индија.<br>Во процесот на ратификација се договори со: Арапската Република Египет, Иран и Белорусија. Преговорите со следниве земји се завршени и се очекува договорите да бидат потпишани во најкраток можен рок: Грција, Велика Британија,<br>Узбекистан, Данска, Оман, Словачка и Кувајт. |
| **Избегнување на двојно оданочување** | Република Северна Македонија има склучено договори за избегнување на двојното оданочување со следните земји: Албанија,<br>Австрија, Белорусија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Данска, Египет, Естонија, Велика Британија, Унгарија, Иран,<br>Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Германија, Финска, Франција,<br>Унгарија, Мароко, Молдавија, Холандија, Народна Република Кина, Полска, Романија, Русија, Словачка, Словенија, Украина,<br>Тајван, Република Кина, Турција и Катар. |

| Започнување на бизнис | |
|---|---|
| **РЕГИСТРИРАЊЕ НА КОМПАНИЈА** | Сегашниот Закон за трговски друштва е на сила од 2004 година. Дополнувањето на Законот за трговски друштва во 2005 година го означи почетокот на работата на Централниот регистар на почетокот на 2006 година, како орган надлежен за вршење на сите регистрации на компании и одржување на целокупниот трговскиот регистар. Ова е главниот закон за регулирање на деловна активност во Македонија кој ги дефинира видовите на компании, процедури и регулативи за нивното основање и работење. Бидејќи на странските инвеститори им се дадени истите права и привилегии како на македонските државјани, тие имаат право да основаат и да работат со сите видови на приватни компании или акционерски друштва. Странските инвеститори не се должни да бараат посебни дозволи од надлежните државни институции, освен она што вообичаено се бара со Законот.<br>Според Законот за трговските друштва, претпријатијата се формираат како посебни правни субјекти кои работат самостојно и се одвоени од нивните основачи, акционери и менаџери. Во зависност од видот, компаниите имаат свои права, обврски, имиња и регистрирани канцеларии.<br>Македонија воведе едношалтерски систем кој им овозможува на инвеститорите да го регистрираат својот бизнис по 2 часа од поднесувањето на барањето. Може да се регистрира фирма во Македонија со посета на една канцеларија и добивање на сите потребни информации на едно место од еден вработен. Ова значително ја намалува административната бариера и почетните трошоци.<br>Странските државјани лесно може да се вработат во Република Македонија, по добивање соодветна виза или дозвола од Министерството за надворешни работи, односно дипломатско- конзуларни претставништва во странство.<br>Државјаните на земјите-членки на ЕУ, како и државјани на земјите потписнички на Шенген договорот, можат да влегуваат во Република Македонија со валидна лична карта издадена од надлежните органи на земјите-членки на ЕУ и земјите потписнички на Шенген договорот.<br>Видови на визи: Влезна виза Деловна виза Работна виза<br>Барања за Виза и постапка |

| | |
|---|---|
| **РАБОТНИ ВИЗИ И ДОЗВОЛИ** | Виза се издава само во амбасади или конзулати на Република Северна Македонија во странство.<br>Рокот на важење на пасош или друга патна исправа на подносителот мора да биде најмалку 3 (три) месеци.<br>Подносителот на барањето може да се јави во амбасада или<br>конзулат на Република Македонија за дополнителни |

| | |
|---|---|
| | Информацииза условите и постапката за издавање на виза. Барањето може да се достави до амбасада / конзулат на РепубликаСеверна Македонија по пошта или по факс, но во тој случај барателот мора лично да ја подигне визата.<br>Со помош на листата на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство (кој може да се најде на веб-страницата на Министерството за надворешни работи) барателите на виза може да го изберат најпогодното место т.е. амбасада / конзулат за достава на барањето.<br>Видови на дозволи: - Работна дозвола<br>- Дозвола за престој |
| **ПОСЕБНИ ЛИЦЕНЦИИ ДОЗВОЛИ** | Во прилог на регистрација на сите бизнис активности утврдени со Законот за трговските друштва, некои деловни активности мора да добијат дополнителни работни лиценци или дозволи пред започнување на нивните активности. За компаниите кои работат во овие специфични области, процесот на регистрација е проследен со процесот на лиценцирање со надлежните органи одговорни за издавање на лиценци и/или дозволи во нивните бизнис области.<br>Вработените во Централниот регистар се обучени да ги насочат ново-регистрираните компании до соодветните органи за лиценцирање. |

| **Макроекономски показатели на Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **БДП (стапка на раст)** | 3,1% 2019 година |
| **Инфлација (просечна на кумулативна основа во %)** | 2,3 |
| **Стапкананевработеност%** | 168 180 /17,5 % 2019 година |
| **Буџетскидефицит(%одБДП)** | 1,2 |
| **Просечен курс МКД/ЕУР** | 61.5 |

| | |
|---|---|
| **Просечна бруто месечна плата на национално ниво** | 37,322 2019 година |
| **Просечна бруто месечна плата во производствен сектор** | 25,127 2019 година |

| **Можности за инвестирање** | |
|---|---|
| Број на Индустриски зони во општината | 1 (официјална според Урбанистички план) и 3 (самоиницијативни зони ) |
| Број 333333399на локации за инвестирање во општината | 1 |
| Информации за Индустриски зони, Еконимски и други зони, Локации за инвестирање во општината | УрбанистичкипланвонноселеноместозаСтопански комплекс во атар на село Горно Коњаре м.в. „Новине“ и м.в. „Речица“ село Горно Коњаре - Општина Куманово |

| | |
|---|---|
| Информации за самоиницијативните индустриски зони | Индустриска зона Бедиње ( формирана пред 60 години со комплетна инфраструктура во која делуваат следните дејности : металопреработувачка индустрија – ФЗЦ „ 11 Октомври “ – Куманово , фабрика за амбалажа, голем број на мали и средни претпријатија од лесната индустрија и трговија. ) Индустриска зона во нас.Карпош и Индустриска зона во нас. Доброшане ( голем број на производствени капацитети од лесната индустрија изградени на приватно земјиште од месната , дрвната , металната и чевларската индустрија како и голем број на магацисннки простор наменет за потребите на трговските компании .) |

## 2. Занаетчиство

Некогаш голем занаетчиски град, Куманово во изминатите децении е меѓу првите градови на листата во Република Северна Македонија во кој старите занаети се минимално застапени. Тоа е така бидејки истите исчезнале или се во фаза на замирање.

Развојот на индустријата од пред половина век е една од главните причини за затворање на занаетчиските работилници, а во периодот на транзицијата и оние неколку што останале неповратно заминале во минатото, заедно со нививините остарени и изнемоштени или починати мајстори.

Во Куманово постои и работи канцеларијата на регионалната занаетчиска комора за североисточниот регион. Последните години истата презема мерки за поддршка и развој на занаетчиството.

Во овој регион освен Куманово, како најголема општина, опфатени се и општините Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково.

Територијата на која се наоѓа општината е погранично и рурално подрачје.

Регистрирани се 334 занаетчии кои се занимаваат со еден од 37 занаети. Притоа се забележува тренд на изумирање на старите занаети.

Најзастапени се модерните занаети, бербери, фризери, оние што се занимаваат со електронска техника.

Занаетчиската комора во Куманово работи на подобрување на условите за работа во занаетчиството, обезбедување пазар, подобрување на квалитетот на занаетчиското производство, но и будење, враќање на старите занаети, особено на оние кои со себе носат културни и етнички белези.

Бројот на млади на кои основна економска дејност им е занаетчиството е многу мал.

Според занаетчискта комора, занаетите за младите генерации не се атрактивна професија. Тие сметаат дека младите сакаат со помалку вложен труд, полесно и побрзо да дојдат до голема зарботувачка.

Краторите на документов сметаат и дека во моментот, во Куманово нема доволно заинтересирани експерти или кадар за поквалитетен развој на занаетчиското производство.

## 3. Туризам и угостителство

Во изминатиот период, туризмот и угостителството се идентификувани како области кои се приоритетно важни односно претставуваат можен столбо/носител на локалниот економски развој на општина Куманово. Генералните придобивки од туристичката гранка би можеле да претставуваат значаен сегмет во целокупниот стопански и социјален развој на градот.

Поаѓајќи од местоположбата на градот Куманово, како значаен административно-деловен, културно-образовен и едукативен центар и од изобилството на природни и културноисториски знаменитости како и значењето на туризмот во севкупниот стопански развој, можностите за отворање на нови работни места и поттикнување на развојот на малото стопанство, општината се определи за изготвување на Стратегија за локален економски развој, во која што туризмот заедно со угостителството, ќе има улога на столб носител на истиот.

**За Куманово**

Куманово се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија, на надморска височина од 340 метри, Градот е лоциран на самата раскрсница на двата најзначајни коридори во земјата (Коридор 8 – Коридор 10).

Општина Куманово според новата територијална поделба од август 2004 година, е најголема општина во Република Македонија со 103.205 жители.

Куманово е град на испреплетени култури, религии и традиции, спомени и соживот. Структурата на населението во Општина Куманово е хетерогена и тоа не само во градот, туку и во поголемиот дел на селските средини каде живее население од повеќе националности и етнички групи, разновидна образовна, старосна и полова структура, со различни обичаи, вероисповед и навики, разновидни занимања и други карактеристики.Градот во кој ќе прошетате по Уќумат-сокаги, една од најстарите улици (сегашна ул. 11 Октомври), ќе се сретнете со многу стари занаети, ќе пробате вкусна храна, ќе чуете многу легенди. Овде песната и шегата ќе ве пречекаат на секој чекор. Градот на познатиот шегобиец Батко Ѓорѓија, за кого ќе чуете од секого по нешто. Куманово е и град на непокорот и револуцијата, кој денес претставува вистински мултиетнички центар.

Низ Куманово прошле многу светски потеписци, професори, лекари, дипломати, офицери, патници, добронамерници. Многумина оставиле пишан запис за нивната посета. Убавините на Куманово и Кумановско и вам ќе ве наведат да посегнете по мастило и хартија. Околината на Куманово ви нуди за миг да одморите од градскиот метеж, и да се релаксирате дишејќи чист

воздух. На неколку места во Кумановско има извори на минерални и термоминерални води, особено во населбата Проевце, или како што уште се нарекува Кумановска Бања. Посетете ја оваа природна убавина.

## Демографија

Во однос на демографијата во Куманово и Кумановско, може да се констатира дека демографската структура на населението е значаен показател на динамиката за развој на популацијата, односно важен елемент за развиток на одделни предели. Природно-географските одлики овозможиле кумановскиот крај да биде населен уште во предисториско време, за жто сведочат повеќе наоѓалишта од тој период. Доаѓањето на Словените во VI век на Балканот и во овие краишта, дадоа основен белег на составот на населението, а пак навлегувањето на турците во XIV век и нивното петвековно задржување, имало свој одраз на структурата на населението. Посебно во делот на исламизација на христијанското население, односно населување на испразнетите македонски простори со исламско население од други поднебја. Оттука и повеќеслојниот етнички колорит во кумановскиот крај, кој главно се формира кон крајот на XIX век. По сочуваните пописи на населението од 1900 година во Куманово и кумановско се регистрираат: македонци, срби, албанци, турци, роми, татари, черкези, грци, евреи… по Српско-турските војни од 1876/78 година во Куманово доселуваат околу 3000 дојденци од српските простори, т.н. Муаџири, што имало силно влијание врз етничката структура на населението во градот, односно неговиот севкупен растежи развој. Расположливата статистичка евиденција овозможува поконкретно следење на населението во кумановскиот крај од 1900 година до денес.

## Природно-географски карактеристики

Куманово и околината што гравитира кон него, се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија. Оваа територија, најсеверните делови ги има северно од Козјак, во атарот на с.Мглинце, во долината на Мала Река, а најјужната се наоѓа во атарот на с. Живиње. Од најсеверниот до најјужниот дел во Кумановско, растојанието изнесува 43 км воздушна линија, а во правец исток-запад растојанието е 50.4 км. Кумановскиот крај од соседните области е одделен со делови на стари грамадни планини. На запад се издигаат огранците на Скопска Црна Гора, кои во овој крај се познати под името Карадак. На север се наоѓаат падините на Руен, додека падините на планината Козјак се спуштаат кон трговишка област. На исток е планината Герман со Славишката котлина, додека од јужната и југоисточна страна се ридестите терени на Градишка Планина со која брановидното Кумановско Поле е одделено од Скопската Котлина и Овче Поле. Кумановскиот крај (старата општина Куманово) во чии рамки денес егзистираат пет единици на локална самоуправа ( Куманово, Старо Нагоричане, Липково, Орашац и Клечовце) зафаќаат

површина од 1212 километри квадратни, што претставува 4,71% од територијата на република Макеоднија. Во наведениот простор се распостелале 110 населени места, главно населени со етнички хетерогено население.

Во минатото низ оваа област минувале значајни патишта преку кои се воспоставувале врски помеѓу областите околу Јадранското Море со оние околу Егејското и Црното Море. Денес за Кумановскиот крај најголемо значење има Моравко-Вардарската Долина по која минува железничката линија изградена во 1800 година, како и асфалтен пат кој јужно од Куманово е современ автопат. Во напореден правец се користат два правца: едниот преку Крива Паланка кон соседна Бугарија и Турција, додека другиот, оди на југоисток, преку Овче Поле ги одржува врските со населените места во Источна Македонија.

Геолошката градба на Кумановско е разновидна, со различна старост и припаѓа, главно, на две зони: Вардарската и Родопската. Планините главно припаѓаат на Родопската маса која се смета за постара. Во овој дел спаѓаат планините Скопска Црна Гора, Руен и Козјак. Западно од Куманово се протегаат огранците на Скопска Црна Гора на која се наоѓа највисокиот врв во обласата, Рамно со 1651 метар. Во северниот дел од обласата се протегаат делови од планината Руен, која со поголем дел се наоѓа во Србија. Источно од Руен е средновисоката планина Козјак, позната од поновата историја по повеќето борби од НОБ, како и по одржаното историско Прво заседание за АСНОМ, на 2 август 1944 година, во манастирот  "Св.Отец Прохор Пчињски". Планината Козјак главно се протега помеѓу двете најголеми реки во оваа област, Пчиња и Крива река. Бислимската Клисура на реката Пчиња е место кое изобилува со природна убавина. Поради цврстината на карпите кои ги пресекува, клисурата на одредени места има изглед на кањон, со голем број на пештери по каменливите страни.

Освен споменатите две реки, во Кумановската област се среќаваат и подземни води, извори на минерална вода, како и вештачки акумулации. Освен реките Пчиња и Крива Река, позначајни реки во овој крај се Кумановска Река, која настанува од Липковска и Којнарска Река, потоа Слупчанска, Отљанска и Матејачка Река. Во Лпковскиот реон, на Липковската река се изградени две акумулации: Липковската бетонска лачна брана, изградена во 1958 година, висока 37 метри со површина од 0,40 км2 а акумулацијата Глажња, исто така бетонска лачна рана, изградена во 1971 година, висока 80 метри, долга 344метри, со езеро кое зафаќа површина од 0,97 квадратни километри.

Во Кумановскиот крај има неколку извори на минерална вода. Најпознати се оние кај селото Проевце, потоа во Липково, кај с. Стрновац, во Клечовце и други. Засега лековитите води од овие извори единствено се искористени во с.Проевце, со Кумановската Бања и експлоатација на минералните води во с.Проевце и Клечовце. Температурата на водата на Проевските извори изнесува 28 степени.

Од покарактеристичните климатски услови на Кумановскиот крај би ги издвоиле неколку. Најниската температура забележана во Куманово и Кумановско изнесува -24 степени С, измерена на 27 јануари 1954 година, а највисока +40 степени С на 22 август 1952 година. Просечната годишна количина на врнежи изнесува 549,3 мм на квадратен метар. Најчест ветар кој дува на овие простори е северниот, а по него северозападниот. Северниот е најчесто во јануари, јуни и јули, а северозападниот е најчест од мај до октомври. Просечно годишно осончување во Куманово е 2200 часови.

Природните богатства во Кумановско се разновидни. Освен водите, карактеристично е богатството со плодни почви, разновиден растителен свет и наоѓалишта на метални и неметални руди. Од металните наоѓалишта познато е антимонско-арсенско наоѓалиште кај с.Лојане, додека од неметалните, се базалтните и глинените резерви кај с. Младо Нагоричане. Кај с. Липково се користат травертините,а кај с.Бељаковце се наоѓалиштата на опалска бреча, односно мермер кај Вуксан.

**Култура и историја**

Според легендата името на градот потекнува од името на воинственото племе Кумани кои во 1094 година навлегле во овој крај и извесно време се задржале на територијата на денешна Кумановска општина и пошироко. Првите изворни податоци за населбата Куманово се споменуваат во 1519 год, од патеписните дефтери во архивот на Република Турција во Истанбул. Археолошките наоѓалишта околу Куманово, и артефактите пронајдени на тие места, покажуваат дека на оваа територија имало живот уште пред нашата ера. Сето тоа сведочи за присуството на многу култури и цивилизации кои стапнале на оваа тло. Но Куманово најмногу се поврзува со почетокот на антифашистичката борба на македонското население. Токму тука, истовремено како во Прилеп, започнува да се пишува историјата на новата македонска држава. Поволната географска положба и патната инфраструктура довеле до брз економски, административен и културен развој и преобразба на Куманово во современ град. Водечко место има индустријата (металопреработувачка, текстилна, чевларско-кожарска, прехранбена, тутунска) потоа земјоделството, занаетчиството и трговијата. Кога шетате низ градот, излозите од градските дуќани ќе ве намамат да влезете и да се уверите во квалитетот на производите од кумановските занаетчии.

Низ Куманово прошле многу култури минатото и сите оставиле свој дух, кој го раскажуваат градската архитектура, археолошките остатоци и артефакти, џамии, амами, цркви, итн. Заради богатата историја на градот и неговата околина, во него постојат голем број културноисториски споменици. Тие датираат од праисторија до денес. Посетата на секој од археолошките локалитети распространети на територијата на Куманово и Кумановско (“Прибовце” с. Бедиње, “Дрезга” с. Лопате, “Костоперска Карпа”, “На брег”, “Кодра Зулфи” с. Никуштак,”Градиште” с. Пелинце, итн.) ќе ве однесе на едно поинакво место, полно со приказни од минатото.

Црквите и џамиите низ градот ќе ве одведат на едно духовно трагање по вашиот мир. Влезете во старата Ески џамија која што се наоѓа во центарот на градот. Најстариот зачуван објект во Куманово со културно – историско значење, подигната во 1751 година. Црквата "Св. Никола" подигната во 1851 година, дело на Андреја Дамјанов, обиколена со раскошни тремови, богат ентериер со раскошни галерии, иконостас и црковен мебел, ќе ви овозможи поинаква мистика.

Во Куманово постојат и работат нетолку професионални културни институции и тоа: Библиотеки, Народен музеј, Народен театар и Центар за култура. Градот организира повеќе културни манифестации како што се: Ликовната колонија, Џез-фестивалот, "Денови на комедијата", итн.

**_Листа на културно – историски споменици во општина Куманово_**

**Археолошки локалитети**

1. Локалитет "Татиќев Камен" во Кокино, од 20 – 7 век п.н.е. (бронзено и железно време)
2. Локалитет "Костоперска Карпа" во Младо Нагоричино, од енеолит (3000 / 2000 г.пне. до среден век 16/17 век)

**Историски споменици**

1. Споменик на Револуција, плоштад Куманово, изграден 1962 од вајарот Коста Ангели Радовани од Загреб
2. Спомен – Костурница, Куманово, изграден 11.10.1957 од вајарот Сретен Стојановиќ од Приједор
3. Споменик Ѕебрњак во Младо Нагоричино, 1937 (кулата урната 1943)
4. Куќа – музеј на Христијан Тодоровски – Карпош, 1976 (прогласена за споменик)
5. МЦ АСНОМ во Пелинце, изграден 2004

**Стара градска архитектура /30 години на 20 век/**

1. Општинска зграда – Куманово
2. Занаетчиски дом – Куманово
3. Соколана
4. Ловечки дом – Куманово
5. Музејска зграда – Куманово

**Сакрални споменици на културата**

1. Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, 11 и 14 век
2. Успение на св. Богородица /Манастир Матејче/, 14 век
3. Татар Синан – бег џамија во Куманово, 1532 (16 век)
4. Воведение на Богородица (Манастир Карпино) во Сув Орах, 1592 (крај на 16 век)
5. Коџа Мехмед – беј џамија во Табановце, 1598 (крај на 16 век)
6. Св. Ѓорѓи Победоносец во Младо Нагоричино, крај на 16, почеток на 17 век
7. Св. Ѓорѓи и Св. Никола (Двојна црква) во Сув Орах, крај на 16, почеток на 17 век
8. Св. Никола во Стрезовце, 1606
9. Св. Петка во Младо Нагоричино, 1628 (16 век)
10. Св. Никола во Куманово, 1852
11. Св. Богородица (Забелски манастир), Никуљане, 1856
12. Св. Ѓорѓи во Бељаковце (Бељаковски манастир), 1894
13. Св. Троица во Куманово, 1903

Општина Куманово во својата туристичко – угостителска понуда може да овозможи:

- шопинг услуги
- гастрономски услуги и квалитетна храна и пијалоци
- културно/историско наследство
- спортски манифестации и објекти
- верски објекти со своја традиционална приказна,
- транспортни и пристапни услови за комуникација
- природни ресурси за алтернативен и рурален туризам

Клучен придонес на општината во одност на развојот на туризмот и угостителството, кој во иднина може да влијае при изборот на Куманово како дестинација, според креаторите на документов е поддршка во:

1. *<u>Подобрување на инфраструктура</u>*
   - Патна
   - Комунална
   - Туристичка

2. *Промоција на дестинацијата*

Колку повеќе е промовирана дестинацијата, толку поголема е заинтересираноста за таа да биде посетена. Промоциите на атрактивните дестинации се најмногу застапени на социјалните мрежи бидејќи најголем дел од целните групи се активни токму таму. Под промоција на дестинација се подразбира и таканаречената word of mouth маркетинг алатка, која има голема улога во одлуката на потенцијалните туристи која дестинација да ја посетат. Оваа маркетинг алатка најчесто се спроведува преку коментари односно преку искажаното задоволство/незадоволство на туристите кои веќе ја посетиле дестинацијата, нивните очекувања и препораки, како и автентичноста на дестинацијата. Промоција на дестинацијата може да се врши и преку соработки со тур оператори, како и со посета на саеми и конференции.

3. *Креирање на цена на пакет услуга*

Под цена на пакет услуга се подразбира колку вкупно би чинела посета на посакуваната дестинација. Во зависност од тоа дали потенцијалниот турист би ја посетил дестинацијата самостојно или преку организирана дводневна или тридневна тура. Цената при посета на едно атрактивно место вклучува транспорт, сместување, угостителски услуги, влезници и останати дополнителни трошоци. Многу често посетителите прават проценка откако ќе ја посетат дестинацијата. Нивните искуства се засноваат на споредбата помеѓу цената што ја платиле и услугата што ја добиле.

4. Поставување на стандарди за *валитетот на услугата и лиценцирање*

Квалитетот на услугата е многу значаен фактор. Секој посетител бара квалитет на услугата и најчесто квалитетот се мери со она што е понудено пред да биде посетена дестинацијата и она што ќе се добие за време на престојот, односно очекуваното наспрема добиеното. Тоа е во сооднос со претходниот фактор, односно цената на пакет услугата во споредба со очекуваната услуга.

## 4. Млади

Согласно досегашната историска, социјална, политичка и етичка пракса во општеството во Република Северна Македонија, а во отсуство на меѓународно признаена дефиниција, под терминот млади во нашава држава се подразбира една посебна социо-етичка категорија на население на возраст од 14 -27 години која е особено ранлива на социо – економските промени во општеството и која претставува основен ресурс за развој носејки ја критичната мисла и порив за иден напредок на истото. Во

Република Северна Македонија постои тренд на неформално пролонгирање на возраста во која се семета дека некој е млад, односно лицата се третираат како млади се до возраста од 30 години.

Поддршката на семејството е основен предуслов за социјализација на младите луѓе и заштита на децата и младите од секаков деградирачки третман. Локално е евидентно дека е мал бројот на институции кои можат да одговорат на реалните потреби на семејствата, а постоечките институции немаат доволно капацитети да одговорат на овие потреби. Исто така евидентен е малиот број на информации кои се достапни до сите граѓани, а особено од руралните средини.

Светските социо - економски трендови што неретко ги карактеризираат и глобални рецесии и економски кризи, транзицијата во нашето општество од еден во друг општествено политички и економски систем во деведесетите години на претходниот век што условија социо-економска криза со силно изразени негативни последици, како и актуелната и евидентна депопулација и економска миграција во скоро сите земји од регионот на западен Балкан во развиените западни земји, иницираа и оставија негативни последици и на младата популација во општина Куманово.

Според креаторите на документов најчести проблеми со кои се срекаваат младите од Куманово кога се во прашање квалиетот на живеење, нивната економска независност и нивната инклузија во пазарот на труд на локално ниво се:

- Пролонгирано време за комплетирање на образованието
- Неможност да се најде работа
- Неможност да се заснова семејство
- Економска зависност од родителите и семејството
- Отсуство на можности за лична реализација и личен развој /Пример: скромна инфраструктура и отсуство на отворени програми во областите култура, спорт/
- Скромна локална поддршка за стимулација на образованието
- Отсуство на локални фондови за поддршка на младинските граѓански /невладини/ организации

Општината планира да им овозможи услови за поголема конкурентност на младите на пазарот на трудот. Истото е предвидено да се реализира со иницирање на разни активности во кои се предвидени и истакнати како во овој документ така и во планот за имплементација на истиот. Според тоа во рамки на оваа намера, со оваа стратегија општина Куманово се залага младите луѓе поблиску да се информираат за таквите активности. Општината ќе посредува и при:

- идентификување и вклучување на младите кои имаат потреба да бидат опфатени со активностите за поттик на вработувањето
- јакнење на нивните вештини и зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот
- стимулирање на волонтерството
- мерки за поттик на младинското претприемништво на локално ниво

Исто така во рамки на оваа намера, предвидено е и застапување заради обезбедување финансиска поддршка на младите кои сакаат да се доквалификуваат или преквалификуваат. Исто така општината е отворена и поддршка од општината на организациите коиначини за промоција на младите луѓе како и активности за поголемо информирање на младите за можностите за самовработување.

Програмава предвидува и општинска иницијатива и поддршка за:

- јакнење на капацитетите на младите за претприемништво
- младинските организации кои работат на проблемот на младинска невработеност
- промоција на иницијативи кои даваат поддршка за стартување на сопствени бизниси
- обезбедување на простор за културно делување на младите
- креирање и спроведување на програми за културни и спортски младински активности

Општина Куманово е заинтересирана да ги мотивира младите да не се иселуваат, да останат и да бидат носители на прогресот и развојот како на градот така и на руралните средини. Општината со оваа програма сака да овозможи економски развој преку зголемени можности за вработување и самовработување а со тос и развој и благосостојба на младите.

## 5. Рурален развој

Рурален развој е процес на подобрување на квалитетот на живот и економска благосостојба на луѓето кои живеат во релативно изолирани и ретко населени области. Руралниот развој традиционално е фокусиран на интензивно искористување на земјиштето и природните ресурси. Меѓутоа, промените во глобалните мрежи на производство и зголемувањето на урбанизација го сменија ликот на руралните средини.

Активностите за рурален развој, главно се насочени кон социјален и економски развој на руралните средини. Програмите за рурален развој обично се планираат и спроведуваат од врвот надолу и тоа од локалните и регионалните власти, агенциите за

регионален развој, невладините организации, националните влади и меѓународните организации за развој. Но и локалното население, исто така, може да придонесе со сопствени иницијативи за развој. Терминот не е ограничен само на прашања за земјите во развој. Всушност, многу од развиените земји имаат многу активни програми за рурален развој. Владините програми вообичаено имаат главна цел како да се развијат неразвиените области и села.

Процесот[1] на развој на земјоделството и руралните средини во Република Северна Македонија предвидува голем број на активности чија цел е создавање на инструмент за поддршка на рамномерен и одржлив рурален развој во Македонија преку локалните стратегии за рурален развој, елаборирани и имплементирани со вклучување на локалните рурални засегнати страни. Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година го дефинира стратешкиот пристап во областа на земјоделството и руралниот развој на кој се базира поставувањето и спроведувањето на целите, политиките и мерките за развој на земјоделството и руралните средини во Република Северна Македонија. Врз основа на одлуката на Владата на Република Северна Македонија, земјоделството е класифицирано како еден од приоритетите на владините економски политики и е предмет на доделување на значително повисоки средства наменети за овие политики со континуирано зголемувачки износ на годишна основа. Позитивниот нагорен тренд на издвојувања во земјоделството и руралниот развој продолжува, и покрај различните негативни влијанија и трендови на глобално ниво на кои објективно Општина Куманово и Република Северна Македонија не се во состојба да влијаат.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој напоменува дека структурните проблеми во областа на руралниот развој се групирани во следните неколку дефинирани и потврдени стратешки состојби кои негативно влијаат на напорите за остварување на зголемен рурален развој:

- Малите и фрагментирани земјишни парцели;
- Недоволната техничко-технолошка опременост која е резултат на долгиот период на дезинвестирање;
- Несоодветната сортна и расна производна структура;
- Лоша старосна и полова структура на руралното население.[2]

Покрај овие неколку стратешки фактори, постојат и одредени локални влијанија кои исто така придонесуваат за намалување на можностите кои се нудат на локално ниво. Креаторите на документов сметаат дека такви се:

- Лошата патна и комунална инфраструктура;

[1] Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020
[2] Национална стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година (Стр. 10)

- Депопулацијата на руралните средини како во насока село-град така и поради економско социјални причини и тренд на интензивна економска миграција од земјите на југозападен балкан кон развиените земји членки на Европската унија;
- Незадоволителна состојба на објектите во кои се реализира образованието на децата;
- Незадоволителна состојба на објектите во кои се даваат здравствени услуги;
- Релативната сложеност на процесите за добивање на грантови од програмите за помош на земјоделството и руралниот развој;
- Немањето на иницијатива кај локалното население особено кај индивидуалните производители на земјоделски и сточарски производи;
- Слабата организираност на индивидуалните производители за заеднички настап пред институциите кои ги раководат ЕУ програмите за рурален развој.

Во периодот помеѓу 2014 и 2015 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија направи напори за да ја оддржи достапноста на фондови за земјоделството и руралниот развој преку ИПАРД програмата и овие напори резултираа со продолжување на програмата преку ИПАРД-2 која стартуваше во 2016 година. Овие напори на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство можат да претставуваат една од основите за успешно реализирање на оваа Стратегија поради тоа што се дефинирани извори на средства за финансирање и развој, односно ИПАРД-2 програмата.

Секако треба да се напомене дека локалните и националните извори на финансирање не се единствената можност. Оваа Стратегија предлага и алтернативни процеси кои би можеле да допринесат во вкупниот развој на Општина Куманово, не само во областа на руралните активности, туку и во областа на останатите општествени сегменти, урбанистички и економски гранки и аспекти.

## СВОТ АНАЛИЗА НА ОПШТИНА КУМАНОВО

Како инструмент за анализа на општинските ресурси, капацитети и потенцијал но и непосредното окружување применета е СВОТ анализата.

Подоле во табели се дадени идеите на членовите од општинскиот тим за стратешко планирање, како креатори на документов, и истите поради поголема прегледност се групирани од страна на консултанот на процесот во табели по стратешките области на делување кои воедно претставуваат и столбови на економскоит развој на градот.

Правејќи ја анализата со употреба на СВОТ рамката креаторите на документов се фокусираа на активностите во стратешките области /како носители и столбови на развојот/ каде општината има јаки страни и каде се наоѓаат најголемите потенцијали.

**Економски развој и бизнис опкружување**

| Сили | Слабости |
|---|---|
| 1.Расположливи економски зони "Речица "и "Новине" со површина од 80.000m2<br>2.Голем пазарен потенцијал<br>3.Поволна географска положба<br>4.Одлична сообраќајна поврзаност (автопат,аеродром,железница,царински терминали)<br>5.Расположлива работна сила<br>6.Потенцијал за искористување на сончева енергија-280 сончеви денови<br>7.Постоење на стратешки документи за СИПР(Куманово)-Регионална стратегија за иновации,водич за инвестиции,збирка на индустриски зони<br>8.Направена физибилити студија за јавно-приватно партнерство за гасификација-евтин еколошки ресурс<br>9.Воспоставена правна рамка за функционирање на | 1.Недоволна кадровска,техничка и информациска екипираност на одделение за ЛЕР<br>2.Недоволно квалификувана работна сила според потребите на локален пазар на труд<br>3.Неусогласеност помеѓу образовниот систем и актуелните потреби на локален пазар на труд<br>4.Непостоење на систем или план за субвенционирање на раст и развој на МСП сектор,социјални претпријатија и иновативни start up бизниси<br>5.Недоволно развиен механизам за поттикнување на општествена одговорност на локалните фирми<br>6.Непостоење на едношалтерски систем |

| | |
|---|---|
| ЛЕСС(локален економско-социјален совет)како советодавно тело на совет на Општина Куманово<br>10.Постоење на одделение за ЛЕР-двигател за локален економски развој | |
| **Можности** | **Закани** |
| 1.Погранична соработка/Регионална соработка<br>2.Искористување на ЕУ фондови<br>3.Искористување на средства од други донатори(USAID,UNDP, јапонска амбасада, швајцарска амбасада и др.)<br>4.Користење на активни мерки од "ОП" на влада на Р.М. преку АВРМ за поттикнување и развој на претприемништво во сектор на МСП<br>5.Брза квалификација и преквалификација на работна сила(мерки на АВРМ и програми сертифицирани од МОН)<br>6.Воведување на едношалтерски систем | 1.Одлив на човечки ресурси<br>2.Низок животен стандард<br>3.Висок процент на невработеност,особено кај младите<br>4.Политички промени |

**Занаетчиство**

| Сили: | Слабости: |
|---|---|
| - Традиција на градот во занаетчиска дејност;<br>- Регистрирани 25 млади занаетчии;<br>- Функционирање на регионална занаетчиска комора;<br>- Постоење на регистар за вршители на занаетчиска дејност;<br>- Појава на нови занаети прилагодени на новата технологија; | - Изумирање на одредени занаети поради недостиг на потреба и поради недостиг на репроматеријали;<br>- Недостиг на интрес за изучување на занаети;<br>- Слаба економска моќ во занаетчиството; |
| **Можностии:** | **Закани:** |
| – Постоење на фондови кои финансираат занаети во изумирање.<br>– Воспоставување на мрежа со вклучување на сите релевантни фактори (образование, општината, ГО, комора на занаетчии, јавни институции) за промоција на можностите за занимавање со занаетчиство<br>– Аплицирање и искористување на средства од постојни фондови за развој на занаетчиството;<br>– Организирање на обуки преку соработка со АВРМ за изучување на стари занаети<br>– Креирање на програми од локалната самоуправа за поддршка на занаетчиството | – Постоење на сива економија во занаетчиството;<br>– Драконски казни за занаетчии.<br>– Строга законска регулатива;<br>– Недостиг на мотивациони програми за изучување на занаетчиството во основно образование (професионална ориентација) |

**Туризам и угостителство**

| Сили | Слабости |
|---|---|
| 1.Мултиетничка општина/Поволна ПП<br>2.Над 50 културно-историски споменици<br>3.Природни ресурси<br>4.Здружение на угостители<br>5.Традиционална кујна-угостители<br>6.Културни манифестации(тамбурашки..)<br>7.Ликовни колонии<br>8.Фондација за култура-ЛАГ-АБЕР<br>9.Стратегија за туризам/регионална ЕПР<br>10.Стратегија за рурален развој<br>11.Туристички агенции | 1.Недоволно развиена инфраструктура<br>2.Немање на туристичко информативно биро<br>3.Немање на туристичка програма/водичи<br>4.Слаба промоција на постоечки културно историски знаменитости и локалитети,настани<br>5.Дефицит на стручен кадар<br>6.Немање на патна сигнализација(информациски табли,патокази)<br>7.Недостаток на човечки ресурси<br>8.Имотно-правни |
| **Можности** | **Закани** |
| 1.Веб страна-веб платформа за промоција<br>2.Користење финансии од:донатори,ЕУ фондови,министерства и др.<br>3.Медиуми,портали,радиа и др.<br>4.Вмрежување меѓу релевантни фактори за спроведување на програми<br>5.Користење на мерки од АВРМ и НВО за јакнење на кацитети<br>6.Користење на НВО за унапредување и промоција на култура<br>7.Користење на бизнис сектор | 1.Некомплетирана законска регулатива<br>2.Нецелосна децентрализација<br>3.Немање капацитет за користење средства од ЕУ<br>4.Тренд на континуиран одлив на луѓе(млади) |

**Млади**

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| Младински центар Мулти Култи широко препознаен, еден од ретките во Македонија и единствен кој работи двојазично | Мал број на организации што работат со младите во Куманово |
| Обучени тренери/фасилитатори за неформално образование | Финансиска поддршка за младински работници |
| 4-5 Спроведени истражувања | Недостаток на локален буџет за поддршка на младински организации и центри |
| Повеќе од 100 млади волонтери | Недостаток на простор за работа на младински организации и центри (канцелариски и работен простор во вид на сала за состаноци) |
| Претставници од ЦИД се вклучени во процесот на изготвување на Закон за млади | |
| Спроведени 10+ проекти годишно | |
| Повеќе од 10 проектни кординатори | |
| Остварена силна соработка со сите средни училишта во Куманово | |
| Тековен проект за креирање на локален волонтерски сервис во Куманово кој се имплементира од КРЕАТОР | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Со креирањето на закон за млади повеќе можности за младите | Недостаток на поддршка на младински организации и младински центри |
| Агенција за вработување спроведува програми за започнување и поддршка на нови бизниси, и обуки за стекување на вештиниза младите<br>Агенција за млади и спорт спроведува стратегија за младите | Зголемување на бројката на иселени млади од Куманово<br>Незаинтересираност, немотивираност и неинформираност присутна помеѓу младите |

**Рурален развој**

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| – Локациска поставеност на селата (поврзаност меѓу себе и близина на град)<br>– Постоењена планска документација за 18 села<br>– Постоење и негување на традицијата | – Недостиг на финансиски средства<br>– Непостоење на техничка документација<br>– Миграција на население<br>– Опаѓање на наталитет |
| **Можности** | **Закани:** |
| – Користење на надворешни фондови<br>– Искористување на струни кадровски потенцијали<br>– Искористување на веќе постоечка инфраструктура | – Незаинтересираност за реализација на проекти;<br>– Неодобрени финансиски средства;<br>– Недоволна стручна екипираност |

## СТРАТЕГИЈА

**ВИЗИЈА**

***„КУМАНОВО ДА БИДЕ НАЈИСПЛАТЛИВАТА БИЗНИС ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“***

**ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ /Столбовите на локланиот економски развој на општина Куманово во периодот 2019 - 2024/**

1. **Економски развој и бизнис опкружување**
2. **Занаетчиство**
3. **Туризам и угостителство**
4. **Млади**
5. **Рурален развој**

**Стратешки приоритети**

**Економски развој и бизнис опкружување**

I. Промоција на индустриски зони (со акцент на слободна индустриска зона “Речица” и “Новине”)и изготвување на водич за инвестиции

